# ДОГОВОР

бр. ________

За користење на услуга за пренос на телекомуникациски сообраќај кон меѓународни дестинации

Склучен на ден ________, помеѓу:

22.07.2015

УПП-бр.1605-217/4

**1. ДООЕЛ Туше**______________________
Ул . _Питу Гули 198____________________________
ЕДБ : ______4020004138835_________________

(Оператор)

**2.**______________________________,

ул.________________________________
___________________________
**(Претплатник)**

ЧЛЕН 1

Предмет на овој договор е користење на услуга за пренос на телекомуникациски сообраќај во меѓународен промет со употреба на ВоИП протокол (во понатамошниот текст: Услуга) која давателот на услугата ја дава на барање на Корисникот. Услугата, давателот на услугата, ја овозможува врз основа на Законот за Електронски комуникации и решението со бр.________ издадено ________ год. од АЕК.(Агенција за Електронски Телекомуникации).

Составен дел на овој договор се Барањето за користење на услуга (во понатамошниот текст: Барање) како и општите услови за користење на услугата (во понатамошниот текст: општи услови).

## ЧЛЕН 2

Договорниот однос почнува да важи, односно договорот влегува во правна сила, кога давателот на услугата ќе прими исправно пополнето Барање од корисникот на услугата и по потпишувањето на овој договор. Овој договор се склучува на неопределено време. Начинот на тарифирање се врши по минута.

## ЧЛЕН 3

Давателот на услугата ќе му ги обезбедува на корисникот следните услуги:

-Меѓународни телефонски разговори.

- Начинот на обезбедување на услугата е со користење на Телефонски адаптер кој е во сопственост на <u>КОРИСНИКОТ НА УСЛУГАТА</u> и е приклучен на Интернет мрежата.

- Давателот на услугата ќе вложи максимални напори да ги обезбеди услугите без
прекин за корисникот. Сепак можно е привремено услугите да бидат со намален
квалитет или прекинати поради причини како што се: загрозена безбедност на
информациите оштетувања на мрежата, тековно одржување или поправка, и сл. и корисникот на услугата нема никакви приговори во врска со ова.

При склучувањето на овој договор, корисникот изјавува дека му се познати и за него направени достапни, детални информации за цените за повик, важечкиот ценовник SL3, општите услови како и роковите за промена на цени па со истите се согласува и ги прифаќа. Важечки ценовник од овој договор се наоѓа на стр.4 прилог бр.1 или во просториите на давателот на услугата.

## ЧЛЕН 4

(1) Претплатникот има право до операторот да поднесе приговор во врска со обезбедувањето на услугите, приговор на износот со кој е задолжен за обезбедената услуга, приговор за квалитетот на обезбедената услуга, како и приговор поради повреда на одредбите од склучениот договор за приклучок и користење на јавна комуникациска мрежа и/или јавно достапни електронски комуникациски услуги во согласност со член 120 од Законот за електронските комуникации.

(2) Приговорот од ставот (1) на овој член претплатникот го поднесува во пишана форма. Доколку претплатникот има приговор за квалитетот на

обезбедената услуга од страна на операторот, поточно при повреда на одредбите од овој договор од страна на операторот, во тој случај претплатникот има право на приговор прво до операторот, па доколку операторот не одговори во рок од 15 дена претплатникот има право во наредните 15 дена да приговара до АЕК односно ако операторот не одговори за 15 дена тогаш претплатникот може да приговара до АЕК во рок од 35 дена од последниот приговор до операторот.

(3) Секој корисник може да се обрати во контакт центар 190 од АЕК Скопје за да се запознае со своите права.

ЧЛЕН 5

(1) Операторите можат да ги добијат следниве податоци од нивните претплатници:
- име или назив на претплатникот,
- матичен број за физички лица и даночен и регистарски број за правни лица,
- дејност на претплатникот,
- адреса на претплатникот,
- претплатнички број,
- академска титула или професија и
- врз основа на плаќање, дополнителни податоци, под услов тоа да не ги загрозува правата на трети лица.

(2) Податоците наведени во ставот (1) на овој член можат да се користат само за:
- склучување, надзор и престанок на претплатничките договори,
- наплата на услугите,

ЧЛЕН 6

Давателот на услуги се обврзува да обезбеди тајност и заштита при обработката на личните податоци, со примена на соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, се со цел да се обезбеди тајност и заштита при обработката на личните податоци соодветно на ризикот при обработката и природата на податоците кои се обработуваат.

ЧЛЕН 7

Странките се согласни да сите настанати спорови ги решаваат спогодбено.

Во случај да не е можно настанатиот спор да се реши спогодбено, надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

ЧЛЕН 8

Овој договор е изготвен во два еднакви примероци од кои по еден за корисникот и за давателот на услугата.

Давател на услуга

____________________

Корисник на услуга

________________

**Прилог бр. 1**

## ЦЕНОВНИК
**(Тарифирањето се врши по минута)**

| Р.бр. | Држава | Фиксен Цени | Мобилен Цени |
|---|---|---|---|
| 1. | Австралија | X X | X X |
| 2. | Америка | X X | X X |
| 3. | Канада | X X | X X |
| 4. | Австрија | X X | X X |
| 5. | Германија | X X | X X |

"ТУШЕ" ДООЕЛ Охрид